# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА

## РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА-РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АКЦИОНЕН ПЛАН 2009-2010

*Ноември 2009*

*Последно ажурирање: Април 2010*

## Содржина

Вовед ..... 5
1. Локално управување и употребата на информатичката и комуникациска технологија ..... 6
Цели ..... 6
Носители на проектот ..... 6
Партнери на проектот ..... 6
Активности ..... 7
2. Млади, образование, европско и локално граѓанство ..... 10
Цели ..... 10
Носители на проектот ..... 10
Партнери на проектот ..... 10
Активности ..... 10
3. Информатичко општество и медиуми ..... 13
Цели ..... 13
Носители на проектот ..... 13
Партнери на проектот ..... 13
Активности ..... 13
4. Културни политики ..... 15
Цели ..... 15
Носители на проектот ..... 15
Партнери на проектот ..... 15
Активности ..... 16
5. Културно наследство и одржлив туризам ..... 17
Цели ..... 17
Носители на проектот ..... 17
Партнери на проектот ..... 17
Активности ..... 17
6. ЗЕМЈОДЕЛСТВО ..... 19

Цели ........ 19
Носители на проектот ........ 19
Партнери на проектот ........ 19
Активности ........ 19
Акционен план шема ........ 20
Анекси ........ 22

**Предговор**

Институционалната соработка помеѓу регионот Долна - Нормандија и Република Македонија се заснова на тригодишната програма на активности (2007-2010) спроведена од страна на тандеми на француско и македонски здруженија. Програмата исто така вклучува многубројни локални актери како локални власти, јавни институции, училишни установи и останати здруженија. Подржан од страна на Министерството за надворешни работи, овој проект е координиран од страна на Асоцијацијата на Агенции за Локална Демократија (АЛДА).

Проектот има за цел да спроведе активности од областа на локалното управување преку повеќе полиња на соработка како што се новите информатички технологии, младите, медиумите како и култура и културното наследство. Целта на ваквата соработка е да придонесе во одржливиот развој на Регионот Долна Нормандија и Република Македонија преку формирањето на една платформа за трајна размена која би придонела во отворањето на овие две територии и нивното население кон светот.

**Вовед**

Ја започнуваме третата година од програмата за децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија и Македонија. Успехот од претходните две години овозможи проектот да се развие и над целите утврдени во почетниот акционен план. Втората година беше особено обележана со нови иницијативи и нови партнери кои се приклучија во проектот во сите негови полиња на соработка. Активностите во целост беа реализирани и помеѓу локалните власти се создадоа директни партнерства.

Најзначајниот настан кој ја одбележа новата година на соработка е потпишувањето на договорите за децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија и македонското Министерство за локална самоуправа. Со потпишувањето на договорите на 20 октомври 2009 година во Каен, регионот Долна Нормандија не само што ја официјализира институционалната соработка, туку и доби политички соговорник во Македонија. Од сега па натаму, Регионот заедно со Министерството ќе ги определува правците на соработка.

Значи, оваа трета година ја почнуваме со задоволството стекнато од страна на добрите резултати од нашите проекти, но истовремено и од поттикот пред новите предизвици. Активностите ќе бидат спроведени од досегашните носители на проекти, концентрирајќи еден дел од активностите во регионот Долна Нормандија. Деловите за соработка се проширени со една нова тема: земјоделство, на коешто се додадоа нови партнери и нови корисници. Целта на овој развој е да се продолжи со вклучувањето и на друг тип на партнери како што се здруженија, институции и школски установи.

Сепак, главната цел на проектот останува засилување на капацитетите за локално управување на локалните општини во Долна Нормандија и во Македонија. Локалните претставници на овие две територии ќе бидат активно вклучени во активностите. Еден од битните предизвици се и локалните избори во Франција во 2010 година. Целта е да се поттикнат локалните избраници да започнат децентрализирана соработка со една македонска локална власт. Одредени контакти веќе се преземени и истите ќе бидат конкретизирани во текот на оваа трета година од проектот.

На крај, оваа последна година на проектот не е и последна година на соработка. Регионот Долна Нормандија, заедно со АЛДА и македонските партнери, ќе поднесат тригодишен проект (2010-2013) во француското Министерство за надворешни работи во февруари 2010 година. Овогодишните активности ќе овозможат воведување на нови перспективи во проектот: од една страна "регионализација" на проектот со имплементација на други чинители на Балканот и од друга страна "европеанизација" проширувајќи ги активностите на други европски актери. Ова секако влегува во перспективата за европска интеграција на Македонија како и напорите за здружување на иницијативите за соработка на француските локални власти на Балканот.

Овој документ има за цел да ги претстави активностите за третата година од проектот, од ноември 2009 до октомври 2010 години. Овде е вклучено опис на активностите, носителите на проектите како и партнерите за соработка. Во овој документ се приложени шематски акционен план, временска рамка и листа со податоци на учесниците во соработката.

# 1. Локално управување и употребата на информатичката и комуникациска технологија

**Цели**

*Општи цели*

- Да им се овозможи на учесниците во локалната власт да се прилагодат на ИТ во користење на демократските практики.
- Да се консолидира исполнувањето на активностите овозможувајќи им на учесниците од Долна Нормандија да се вклучат во проектот за соработка, особено во периметар на долно - нормандиските дигитални клубови.

*Специфични цели*

- Да се продолжи со активностите на зближување помеѓу дигиталните клубови од Долна Нормандија и дигиталните клубови во Македонија со стартувањето на заеднички проекти меѓу структурите, за нивните ценети корисници
- Да се овозможат активности за сензибилизација/информација со заедниците наменети за локалните функционери и советници
- Да се продолжи со постапката за зближување помеѓу агенцијата за обука на македонските службеници и оператори за телеформација од Долна Нормандија: Polytechnicum и IAE се особено насочени кон имплементација на курсеви за е – учење особено во областа на менаџментот.

**Носители на проектот**

- Метаморфозис (МК)
- Регионален совет на Долна - Нормандија (ДН)

**Партнери на проектот**

- Polytechnicum – Долна Нормандија
- Агенција за државни службеници на Македонија
- Дигитални клубови и телецентри
- Општините заинтересирани за децентрализирана соработка

**Активности**

### 1.1.Соработка помеѓу дигиталните клубови и DCH

1.1.1 Работилница "дигитална солидарност" од d'Horizons Solidaires
*Дата: октомври 2009*
*Место: Долна Нормандија*

Средба / дебата околу солидарноста и технологиите организирана во рамките на третото издание на "Afrikales", фестивал на африканските култури. Францин Рошефор, од Регионот Долна _ Нормандија и аниматор од Дигиталните клубови ќе интервенираат во текот на дебатата.

1.1.2 Студиско патување на аниматори од македонските дигитални клубови во Долна – Нормандија
*Дата: 16-21 Ноември 2009*
*Место:Долна – Нормандија*
Прием на делегација од тројца аниматори од македонските дигиталните клубови во Долна Нормандија. Студиската посета е организирана со цел подобро разбирање на улогата на дигиталните клубови на територијата на Долна – Нормандија, особено поимот анимација.

1.1.3 Работилница за реконструкција на студиската посета на аниматорите
*Дата:16- 21 ноември 2009*
*Место: Долна – Нормандија*

Во рамките на посетата на аниматорите од дигиталните клубови од Македонија, ќе биде организирано и работилница за реконструкција на двете патувања : начин да се подели анализата на македонските аниматори врз перцепцијата на нормандиските практики и вкрстените визии на двете територии

1.1.4. Обука на аниматори од долно - нормандиските дигиталните клубови и од македонските DCH

1.1.4.1. Обука за: анимирано кино, цртан филм и стрипови на Интернет– LaCartoonerie.com И Bubblaka.com
*Дата: јануари 2010*
*Место: Долна – Нормандија*

Во јануари 2010, 3 аниматори од **Долна Нормандија** ќе дојдат во Македонија. Тие ќе анимираат обука од 2 – 3 дена за техниките на анимираното кино и цртаниот филм / стрипови на интернет

1.1.4.2. Обука на тема анимација Digital Story Telling
*Дата: 9 -11 февруари 2010*
*Место: Долна – Нормандија*

Во февруари 2010, 3 аниматори од Македонија ќе отидат во Долна – Нормандија, примени од Ресурсниот центар на дигиталните клубови. Тие ќе анимираат тридневна обука за технологијата на Digital Story Telling, пракса која веќе е користена од страна на аниматорите.

1.1.5. Дигитална изложба во Долна- Нормандија и во Македонија од проекти од работилниците заедно со корисниците од дигиталните клубови и DCH

*Дата: септември 2010*
*Место: Долна Нормандија*

Во **Долна Нормандија** и во Македонија ќе биде организирана дигитална изложба со симултано отворање во трите долно – нормандиски департмани и во три македонски региони, во текот на првата половина на септември 2010. Целта е да се сенсибилизират максимално луѓе на теми за дигиталната демократија и е – граѓанство.

### 1.2. Активност наменета за локалните власти

1.2.1. организирање на регионален семинар за сенсибилизација наменет за претставниците и техничарите на општините во Долна Нормандија

*Дата: јуни 2010*
*Место: ДН +МК*

Семинарот ќе се одржи во јуни 2009, Во Долна – Нормандија, со два различна дела: придонеси за локалната демократија и примери за демократски практики со помош на алатките за информатичка технологија.

1.2.2 Конкретен проект поделен заедно со Метаморфозис наменет за општините

*Дата: Март 2010*
*Место: ДН +МК*

Физибилити студија за користењето на страната “mysociety.org“. Идентификација на двете заинтересирани општини за ваквиот тип на проект и подготовка на активност за ефективно имплементирање во четвртиот семестар на 2010.

### 1.3. Воспоставување на партнерство помеѓу Агенијата за државни службеници на Македонија и Ingénium Basse-Normandie во врска со употребата на изворите за електронско учење

Средби на партнерите преку електронски пат
*Дата:јануари - јуни 2010*
*Место: ДН+МК*

Агенцијата за државни службеници во Македонија постојано има потреба од обука службениците и сака да искористи од е – учењето. Активноста се состои од виртуелни средби меѓу потенцијалните партнери.

### 1.4. Конференција “ Активно учество на граѓаните преку новите медиуми“

*Дата : 2 -3 декември 2009*
*Место : МК*

Конференцијата ќе се одржи на 2 и 3 декември 2009. Таа ќе биде организирана во партнерство со Гласникот. Конференцијата ќе ги собере учесниците од оваа област вклучени во проектите за децентрализирана соработка меѓу Франција и Балканот.

## 2. Млади, образование, европско и локално граѓанство

**Цели**

- Работење на политиката за млади во рамките на градовите и руралните општини одблиску заинтересирани за искуството од вклучувањето на младите.
- Вклучување во отворањето на првиот информативен центар за млади во Македонија, во контакт со структури за вклучување и други структури за прием и ориентација, информациите одат заедно со придружба.

**Носители на проектот**

- Платформа на организациите за млади « СЕГА » (МК)
- Maison de l'Europe de Caen –Долна Нормандија (BN)

**Партнери на проектот**

- Француска Амбасада (канцеларија за јазична соработка)
- Агенција за млади и спорт на Македонија
- Министерство за локална самоуправа на Македонија
- Заедница на единици на локална самоуправа- ЗЕЛС (МК)
- Регионална дирекција за млади и спорт од Долна Нормандија
- Ректорат на академијата од Каен
- Здружение Mémoire pour la vie
- Образовна лига од Долна Нормандија

**Активности**

**2.1 да им се помогне на локалните власти да ги дефинираат и спроведат политиките за одржлива и партиципативна младина**

2.1.1. Семинар на синтеза
*Дата: јуни 2010*
*Место:Македонија*

2.1.2 Изработка на водич за добра практика
*Дата: Август 2010*

*Место: МК+ДН*

**2.2. Младите актери во нивниот животен пат: да се ориентираат во нивното образование, занимање, да бидат мобилни во Европа**

2.2.1. Студиска посета за информирањето, ориентирањето и придружбата на младите
*Дата :8 - 12 март 2010*
*Место : Долна – Нормандија*

Во период од 8 до 12 март 2010, делегација од Македонија ќе оди во Долна Нормандија на студиска посета во врска со професионалната ориентација и интеграција на младите. Во програмата се предвидени средби со организации и други структури во околината на Каен за алатките и услугите кои одговараат на потребите во областа на професионалното вклучување: информација, ориентација и пристап до работа.

2.2.2. Ден на Европа. Европа видена во Долна - Нормандија и во Македонија
*Дата: 9 мај 2010*
*Место: ДН+МК*

Оваа година, млади луѓе од Франција и Македонија решија заедно да го прослават 9 мај, денот на Европа. На организираната видео – конференција младите од двете земји ќе можат да ги користат новите технологии за да разменат идеи за Европа, за културната различност, за животот на младите воопшто. Преку дебата на овие прашања младите ќе придонесат за европското градење.

**2.3. Франкофонија, носител на граѓански, човечки и универзални вредности**

2.3.1. Обука на гимназијалци и претставници од Унијата на средношколци
*Дата: Мај 2010*
*Место:МК*

Во мај во Македонија ќе се одржи обука наменета за избраните гимназијалци, организирана од страна на Коалицијата на младински организации од Македонија „СЕГА“ и Европска куќа од Каен, Долна Нормандија. Оваа обука, на тема „ посветеноста и преземање одговорност во рамките на средношколскиот живот“ ќе ги собере претставниците на средните училишта од Франција и од Македонија. Целта на семинарот е да им овозможи на младите да најдат начин и средства за да влијаат преку нивните предлози врз идната младинска политика на двете територии.

**2.4. Попречни активности: вклучување на локалните претставници во проектот за децентрализирана соработка помеѓу Долна - Нормандија и Македонија**

2.4.1. Пилот програма за активно граѓанство
*Дата: Ноември/Декември 2009*
*Место: ДН+МК*

2.4.2. Европски волонтер

*Дата: Март 2010- Јануари 2011*
*Место: МК*

2.4.3. Размена на млади од Европа

*Дата: Јули 2010*
*Место: МК*

# 3. **Информатичко општество и медиуми**

**Цели**

*Општи цели:*

- Доближување на локалната информација до граѓаните
- Развивање еден пол на нормандиски - македонски ресурси

*Специфични цели:*

- Да се воспостават трајни врски меѓу редакциите на локалните весници од Долна- Нормандија и од Македонија
- Да се овозможи флуидна комуникација меѓу партнерите во соработката Долна -Нормандија/Македонија

**Носители на проектот**

- Courrier des Balkans (BN)
- Courier de la Mcedoine/Glasnikot(MK)

**Партнери на проектот**

- Ouest-Fraternité
- Ouest France
- Здружение на новинарите на Македонија
- Општини за соработка

**Активности**

- **3.1. Доближување на локалната информација до граѓаните**

3.1.1. 2 посети на локалните коресподенти во текот патувањето на делегациите

*Дата:9 – 13 Мај 2010*

*Место: Берово - МК*

Две посети на локалните коресподенти се предвидени за третата година. Во случај на збратимување, еден локален претставник ќе ја придружува делегацијата во прашање за да го покрие настанот и да се сретне со својот колега. Овој тип на средби овозможува размена на пракса меѓу локалните новинари.

3.1.2. 2 Тркалезни маси во Македонија за предизвиците на локалната демократија

*Дата: да се потврди*
*Место: Македонија*

Во текот на третата година од проектот ќе бидат организирани две тркалезни маси во Македонија. Целта е да се дозволи воспоставување на дијалог меѓу граѓаните, учесниците во граѓанското општество во Македонија ,заедно со долно – нормандиските учесници за да се разменат искуствата од секој.

### 3.2. Развивање на пол на нормандиско - македонски ресурси

3.2.1. Ширење на франкофонска информација за Македонија

а. Превод (месечно 6 написи)
б. Редактирање на натписи (месечно 2 написи)
в. Редактирање на билтен на информации за Македонија два пати месечно

в. Редактирање на двомесечен билтен на информации за Македонија (месечно 2 )
*дата: од ноември 2009 до октомври 2010-11 месеци континуирано(со исклучок на август)*
*место: Долна Нормандија + Македонија*

Во текот на третата година од проектот ќе бидат преведени и објавени написи на француски јазик на веб страната на “Courrier des Balkans“. Преведените натписи ќе овозможат едно подобро запознавање со Македонија и со Регионот, не само на долно – нормандиските партнери, туку и на франкофонската публика.

3.2.2. Анимирање на веб страната на проектот за нормандиско – македонска соработка
*Дата: од ноември 2009 до октомври 2010 - (континуирано)*
*Место: ДН+МК*

Веб страната за децентрализирана соработка ДН/МК е претставена на 3 јазика : француски, албански и македонски. CdB ќе обезбеди објавување и актуализација на линковите/ натписите на теми од интерес за соработката.

3.2.3. Регионална конференција за новите информатички технологии
*Дата: 2 – 3 декември 2009*
*Место: МК*

Истата активност како и 1.4. од оската бр. 1 (Нови технологии).

## 4. Културни политики

**Цели**

*Општи цели*

- Сенсибилизација на културната политика, децентрализација на културата.
- Стимулирање на соработката и на партнерството помеѓу локалните и националните институции и невладините организации и
- Поттикнување на уметничка размена и мобилност помеѓу Македонија и Долна Нормандија.

*Специфични цели:*

- Продолжение на дијалогот посветен на децентрализацијата на културата во Долна -Нормандија и во Македонија и на стратегиите за културен развој на национално,регионално и локално ниво.
- Создавање на база за наредната фаза во траење од три години од развојот на проектот за децентрализирана соработка, посветена на создавањето на платформи за соработка и дијалог помеѓу граѓанскиот сектор и јавните институции со цел да развие модел за креација на локалните културни политики и
- Подобрување на културната и уметничката соработка, како и на мобилноста на уметниците меѓу овие две територии.

**Носители на проектот**

- Локомотива (МК)
- Регионален совет на Долна - Нормандија (Служба за децентрализирана соработка)

**Партнери на проектот**

- Различните општини во Долна Нормандија и Македонија
- Уметничката библиотека од Каен
- Музејот на Нормандија
- Музејот на современа уметност
- Комедијата од Каен
- Театарот од Каен
- Гласникот - Le Courrier des Balkans
- Францускиот културен центар од Скопје
- Француската Амбасада во Скопје
- Македонскиот народен театар
- Музеј на град Скопје
- Национална галерија на Македонија

- Културен центар ТОЧКА

**Активности**

**4.1 Конференција за децентрализираните културни политики**

4.1.1. Средба за подготовка на конференцијата
*Дата: Мај2010*
*Место: Македонија*

Со цел подобро да се подготви конференцијата за децентрализација на културата, еден технички состанок ќе се одржи во Македонија во јануари.

4.1.2. Конференција за децентрализираниот на културата
*Дата: Септември 2010*
*Место: Долна – Нормандија*

Во јуни 2010 во Каен ќе се организира конференција за децентрализација на културата. Целта е да се сретнат луѓе кои работат во културата, локалните избраници и други учесници во оваа област со цел да разменат идеи за развојот на локалните културни политики.

**4.2. Истражување за потребите на некои територијални општини во областа на културата**
*Дата: февруари – мај 2010*
*Место: Македонија*

Во текот на првата половина на 2010 ќе биде реализирано истражување од страна на Локомотива во три македонски градови со цел да се открие потенцијалот за развој на културна локална политика. Станува збор за општини кои се веќе вклучени во проектот **Долна Нормандија** со цел да се засилат врските помеѓу долно – нормандиските и македонските општини.

**4.3. Балканска пролет**

4.3.1. Изложба на фотографии за Македонија во Долна Нормандија (автор: Емануел Лис)
*Дата: пролет 2010*
*Место: Долна – Нормандија*

За време на фестивалот “ Балканска Пролет“ ќе се организира изложба на фотографот Емануел Лис. Овој фотограф ја имаше можноста да престојува во Македонија во текот на 5 месеци во 2009 година со намера да ги фотографира активностите од проектот за децентрализирана соработка Долна Нормандија / Македонија. Освен оваа банка на слики, тој направи голем број на фотографии претставувајќи го животот во Македонија. Овие слики ќе бидат изложени во Долна – Нормандија.

4.3.2. Помош во одржувањето на фестивалот « Балканска пролет »
*Дата: Април, мај и јуни 2010*
*Место: ДН + МК*

# 5. **Културно наследство и одржлив туризам**

**Цели**

*Општи цели*

- Зголемување на капацитетите на локалната власт за поддршка на развојот на алтернативниот туризам во своите општини и да се нагласи културното наследство
- Сенсибилизирање на локалното население преку конкретни акции на валоризирање на културното наследство
- Фаворизирање на директните врски меѓу населението на двете територии

*Специфични цели*

- Да се најдат институционални или/ и приватни партнери со цел да се овозможи одржливост започнатите акции
- Подобрување на партнерството со другите полови на кооперација
- Засилување на партнерството **Долна Нормандија** / Македонија вклучувајќи ги општините

**Носители на проектот**

- Savoir-faire et découverte (BN)
- Центар за институционален развој – ЦИРА (МК)

**Партнери на проектот**

- Службата за инвентар на културно наследство на Регионот Долна Нормандија
- Канцеларија за туризам на Македонија
- Различни општини од Долна Нормандија и Македонија
- Заедница на единици на локална самоуправа – ЗЕЛС
- Регионален центар за етнолошка и етничка култура –
- Факултет за архитектура – Скопски универзитет

**Активности**

**5.1. Развој на алтернативниот туризам во македонските општини**

5.1.1. Студиска посета на претставници од три македонски општини во Долна – Нормандија ( Берово, Новаци и Маврово)

*Дата: 2 – 25 февруари 2010*

*Место: Долна – Нормандија*

Во февруари 2010 тројца претставници од општините Новаци, Берово и Маврово ќе бидат на студиско патување во Долна – Нормандија. Целта на ова судиско патување е посета на различните актери кои работат на одржливиот туризам и културно наследство во Долна Нормандија. На крајот на активноста ќе биде организирана структурирана понуда за да привлече повеќе туристи во овие три македонски општини.

5.1.2. Туристичка понуда во Македонија за Долно – Нормандијци
*Дата: Јуни 2010*
*Место: Македонија*

5.1.3. Попис на културното богатство
*Дата: 21 јуни – 1 јули 2010*
*Место: Македонија*

Праксата за попис на културното богатство која беше направена во првите две години во Новаци и во Берово ќе биде спроведена исто и во Мариово оваа година. Овде повеќе станува збор за идентификација на територијалниот потенцијал (културно и природно наследство) се цел да се истакнат вредностите и да се стават на располагање на развојот на одржливиот туризам. Студенти и француски и македонски експерти ќе бидат вклучени во пописот во текот на 7 дена.

### 5.2. Вмрежување на општините околу одржливиот туризам

5.2.1. Промоција на видеото со опис на културното богатство
*Дата: 6ти, 7ми и 10ти Април 2010*
*Место: Македонија*

Во текот на втората година од проектот беа направени два видео записи: еден за пописот на културното наследство кој се одржа во Берово во јули 2009 и втор за обуката за реновирање на градбите во Јанче, Маврово во септември 2009. Овие две видео снимки ќе бидат прикажани во текот на трите тркалезни маси организирани на

- 6ти април 2010 во Новаци
- 7ми април 2010 во Мариово – Ростуше
- 10ти април 2010 во Берово

Целта е да се презентираат добрите практики и да се разменат стекнатите искуства за да се поттикне развојот на културното наследство во овие три општини.

### 5.3. Заштита на културното наследство

5.3.1. Fundraising за обука за реновација
Дата: Декември 2009 – Мај 2010
Место: Македонија

5.3.2. Обука за реновирањето на куките со традиционални материјали
Дата: септември 2010
Место: Македонија

# 6. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**Цели**

*Општи цели*
*Специфични цели*

**Носители на проектот**

- Afdi Basse-Normandie (BN)

**Партнери на проектот**

- FFRM, Федерација на фармерите во Македонија(МК)
- IADK, Iniative for Agriculture Dévelopment in Kosovo (Kosovo)

**Активности**

**6.1. Студиска посета во Долна – Нормандија**
*Дата: Декември 2009*
*Место: Долна – Нормандија*

Во декември 2009 ќе биде организирано патување во Долна Нормандија за претставниците на ФФРМ. Целта на студиското патување е да се запознаат со ситуацијата во земјоделството во Долна Нормандија и генерално во Франција.

6.2. **Мисија во Македонија**
*Дата: Јануари 2010*
*Место: Македонија*

Во јануари 2010, двајца претставници од АФДИ Долна Нормандија ќе дојдат на мисија во Македонија со цел добро да ги подготват идните активности заедно со ФФРМ.

## Акционен план шема

| | | 2009 | | | 2010 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Октомври** | **Ноември** | **Декември** | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Април** |
| **0** | **Општо** | | | | | | Управен одбор<br>Управен одбор | |
| **1** | **Нови технологии** | Работилница 1.1.2 | Студиска посета1.1.2<br>Работилница за реституција 1.1.3 | Конференција 1.4 | Тренинг 1.1.4.1 | Обука на тема анимација 1.1.4.2 | Конкретен проект со Метаморфозис1.2.2 | |
| **2** | **Млади** | | Обука активно граѓанство 2.4.1 | | | | Информатичка работилница 2.2.1 | Обука на гимназијалци 2.3.1 |
| **3** | **Медиуми** | | | Конференција за медиумите3.2.3 | | | | |
| **4** | **Култура** | | | | | Истражување 4.2 | | Подготовка за конференција 4.1.1 |
| **5** | **Одржлив туризам** | | | | Семинар за вмрежување 5.2.2 | Студиска посета 5.1.1 | | |
| **6** | **Земјоделство** | | | Студиска посета 6.1 | Мисија во Македонија 6.2 | | | |

**овој документ не ги содржи постојаните активности, туку само точните настани*
***Настаните во сино се одвиваат во Франција*
****Настаните во виолетово се одвиваат во Македонија*

| | | 2010 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Мај** | **Јуни** | **Јули** | **Август** | **Септември** | **Октомври** |
| **0** | **Општо** | Средишен извештај | | | | Краен извештај | |
| **1** | **Нови технологии** | | семинар 1.2.1 | | | Електронска изложба 1.1.5 | |
| **2** | **Млади** | Ден на Европа 2.2.2 | Семинар за синтеза2.1.1 | Размена на млади 2.4.3 | Изработка на водич 2.1.2 | | |
| **3** | **Медиуми** | | | | | | |
| **4** | **Култура** | Истражување 4.2 | | | | Конференција за културна децентрализација 4.1.2 | |
| **5** | **Одржлив туризам** | Обука 5.3.2 | Попис на културно наследство 5.1.3 | Туристичка понуда 5.1.2 | | | |
| **6** | **Земјоделство** | | | | | | |

# Анекси

1. Временска рамка на активностите ( во прилог)
2. Листа на партнерите ( во прилог)
3. Буџет за третата година (во прилог)